Врз основа на член 51 и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 199/14; 44/15; 44/15; 193/15; 31/16; 163/16 и 64/18), и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.13/2014), **Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров го дава следното:**

**СООПШТЕНИЕ**

Се известуваат граѓаните и правните лица, дека Општина Ѓорче Петров донесе Решение за организирање на:

**Јавна анкета и јавна презентација**

**за архитектонско-урбанистички проект за ГП 13.1 и ГП 13.2 со намена А1-домување во станбени куќи за КП 1673 КО Кучково, Општина Ѓорче Петров - Скопје**

Проектниот опфат е дефиниран во рамки на границите на градежната парцела ГП 13.1 и ГП 13.2 односно КП 1673 КО Кучково, Општина Ѓорче Петров, на подрачјето на КО Кучково.

**Површината на проектниот опфат во рамките на опишаните граници изнесува 1.178,77 м$^2$.**

Јавната анкета ќе трае **5 (пет) работни дена од 02.07.2018 година до 06.07.2018 година,**, согласно објавата за организирање на јавна анкета и јавна презентација во јавните гласила **„Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб страната на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk**.

Во периодот на јавната анкета, архитектонско-урбанистички проект за ГП 13.1 и ГП 13.2 со намена А1-домување во станбени куќи за КП 1673 КО Кучково, Општина Ѓорче Петров – Скопје ќе биде изложен во просториите на **Општина Ѓорче Петров – Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и локален економски развој и во просториите на МЗ Кучково, секој работен ден од 08.00 до 16.00 часот.**

Соопштението за организирање на јавна анкета е објавено во јавните гласила „Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб страната на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.

Јавна презентација со стручно презентирање на планот **за претставници на јавните претпријатија и институции и заинтересирани граѓани, ќе се одржи на 04.07.2018 година (среда) во 13$^{00}$ часот во просториите на Одделението за просторно и урбанистичко планирање**.

Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица може да доставаат забелешки на анкетните листови, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

**Број** 25-208/3
**Од** 27.06.**2018год.**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Градоначалник**
**Александар Наумоски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Општина Ѓорче Петров
СКОПЈЕ
1